**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-89/8**

**Скопје, 14.02.2007 година**

## НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – Сметка за приходи од донации, за 2005 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е извршена ревизија, и не е издаден извештај за финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – Сметка за приходи од донации за годината која и предходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Мирко Стефановски, директор, од 16.11.2004 година година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 20.11.2006 до 31.12.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – Сметка за приходи од донации, за 2005 година ревизијата го констатира следното:

10.1. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.1.1. Од донираните средства на спонзорите исплатен е надомест на редовно вработени музичари во Операта и хонорарно ангажирани музичари за учество во Балетот Есмералда во вкупен износ од 418 илјади денари преку Македонска авторска агенција, иако НУ МОБ има недостаток на средства за одржување на објектот и за матерјални трошоци. Средствата се исплатени без законски основ и спротивно на Правилникот за организација и систематизација на работните места во НУ МОБ согласно кој во рамките на редовните задолженија, оперските музичари свират на балетски претстави, а балетските играчи изведуваат балетски точки на оперски претстави што има за последица незаконски потрошени средства.

10.1.2. Исплатени се надоместоци на лица кои работата ја извршуваат континуирано во подолг временски период под категоријата договор за дело преку Македонска авторска агенција во вкупен износ од 141 илјади денари што е спротивно на одредбите од Законот за извршување на буџетот, Законот за работни односи, Законите за даноци и придонеси од плата, Законот за облигациони односи и има за последица незаконски потрошени државни средства**.**

**Препораки и мерки**

**1.** Препораките по утврдените наоди на сметката од донации се дадени во сметката на средства од Буџетот на РМ.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи, ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на НУ Македонска опера и балет - сметка за приходи од донации под 31.12.2005 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, поради ефектот од изнесеното во точката 10.1. кај НУ

Македонска опера и балет – Сметка за приходи од донации не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

## 12. Прифатени искорегирани неправилности од страна на НУ Македонска опера и балет во текот на ревизијата

13.1.1. Во периодот на вршење на ревизијата заради реално и објективно искажување на позицијата пасивни временски разграничувања ревизијата предложи корекција со која истите се рекласифицираат а активата и пасивата остануваат непроменети. Корекциите се спроведени согласно начелото на готовинска основа прошишано во Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кое вишокот на приходи треба да е еднаков на состојбата на паричните средства на сметката на ден 31.12.2005 година. Корекциите се спроведени во налог број 83 и 84 од 2006 година.

**Скопје, 13.02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 3.372 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **3.372** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2.579 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2.579** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 793 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **793** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **3.372** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 114 | 0 |
| Побарувања | 61 | 61 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 73 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 0 | 43 |
| **Вкупно тековни средства** | **248** | **104** |
| **Вкупна актива** | **248** | **104** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 43 |
| Пасивни временски разграничувања | 248 | 61 |
| **Вкупно тековни обврски** | **248** | **104** |
| **Вкупна пасива** | **248** | **104** |